# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 2 година XXXV






**Активности за подобрување на практичните вештини за самостојно живеење на корисниците на дневниот центар на РЦПЛИП - ПОРАКА во Штип**






Јуни 2022 г.

## СОДРЖИНА

2 страна - **Европскиот парламент предлага нов изборен законик осигурувајќи ги политичките права на лицата со попреченост**

3, 4 и 5 страна - **Средби на претседателите на Националните инвалидски организации со владини претставници**

5, 6 и 7 страна - **Тркалезна маса „Унапредување на квалитетот на инклузивното образование на децата со попреченост“**

8 страна - **Извадок од извештајот „10 години потоа“ во однос на состојбите со образованието на лицата со интелектуална попреченост**

9, 10 и 11 страна - **Развој на нова мултисекторска национална стратегија за правата на лицата со попреченост**

11 и 12 страна - **Европска конференција „Иднината на правото на работа: Каква е улогата на социјалната економија?“**

13, 14 и 15 страна - **Активности на сервисните служби во мрежата на РЦПЛИП - ПОРАКА**

16 страна - **Наша страница ГРАН ПРИ за најдобра претстава за „Ништо не е страшно“ на 59 издание на ДАФ - Кочани**

***“ПОРАКА”***
***Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА***

**Јуни 2022 г. Број 2, год. XXXV**
Гласилото излегува секои 3 месеци

***Уредувачки одбор:***
Д-р Василка Димоска Де Јонг
М-р Владо Крстовски
М-р Маја Гацоска

***Печати:***
Дата Понс, Скопје
Тираж 1.000 примероци

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
“Орце Николов” бр. 122, 1000 Скопје;
тел.: 329 69 61; факс: 329 69 60
e-mail: poraka@t.mk
web: www.poraka.org.mk

**Според Министерството за култура, со одлука 07-2613/2, за гласилото ПОРАКА се плаќа повластена даночна стапка од 5%.**

**Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.**

## Активности на Европскиот форум за попреченост - ЕДФ

# Европскиот парламент предлага нов изборен законик осигурувајќи ги политичките права на лицата со попреченост

Четиринаесет земји членки на Европската унија ги лишуваат одредени лица со попреченост од нивното право на глас. Ова особено влијае врз лицата со интелектуална и психосоцијална попреченост кои се под целосно или делумно старателство. Само осум земји во ЕУ им овозможуваат на сите лица со попреченост, без исклучоци, да се кандидираат за функција. Покрај ова, милиони лица со попреченост не се вклучени во изборните процеси бидејќи тие не им се пристапни, па не можат самостојно и тајно да гласаат или, како што е во две земји членки на ЕУ, не можат слободно да изберат лице од доверба кое ќе им помогне при гласањето.

На 3.5.2022 се одржа пленарна сесија на Европскиот парламент на кој се усвои резолуција што вклучува нов изборен законик на ЕУ. Предложениот изборен законик ќе биде голем чекор нанапред во однос на политичките права на лицата со попреченост во ЕУ бидејќи го осигурува правото на глас на сите граѓани на ЕУ, без разлика на нивната деловна способност, и поставува обврски за земјите членки да ја подобрат пристапноста на Европските избори.

Пратениците во Европскиот парламент со 323 гласа за, 262 гласа против и 48 воздржани го усвоија законскиот акт договорен од Комисијата за уставни прашања. Актот ќе биде поднесен до Советот како финална одлука за измена на изборниот законик на ЕУ од 1976 година. Текстот на Актот што го усвоија пратениците ги вклучува поголемиот дел од предлозите дадени од ЕДФ:

Членот 4 гласи: **„Секој граѓанин на Унијата со навршени 16 години, вклучително и лицата со попреченост без разлика на нивната деловна способност, ќе имаат право да гласаат на избори за Европскиот Парламент“.** Членот 6 ги обврзува земјите членки да осигурат дека лицата кои живеат во затворени резиденциски средини ќе можат да го практикуваат нивното право на глас. Членот 7 за Пристапност ги поставува следните одредби:

1. Земјите членки ќе осигурат дека сите граѓани, вклучително и лицата со попреченост, имаат еднаков пристап до релевантни материјали, до објектите за гласање и до гласачките места.
2. Врз основа на нивните национални системи за гласање, земјите членки ќе воспостават соодветни аранжмани со цел да го олеснат практикувањето на правото на самостојно и тајно гласање од страна на лицата со попреченост.
3. Земјите членки ќе осигурат дека лицата со попреченост добиваат, на нивно барање, асистенција при гласање од страна на лице кое тие ќе го изберат.

Дополнително, членовите 8 и 17, исто така, ги утврдуваат обврските за пристапност како што е гласањето по пошта и изборните кампањи.

**„Со овој акт, Европскиот парламент ја покажува својата заложба за посилна и поинклузивна демократија во ЕУ. ЕДФ ќе продолжи да работи заедно со своите европски и национални членки со цел овој нов изборен законик да стане реалност, и да осигура дека сите лица со попреченост ги уживаат истите политички права секој друг граѓанин, вклучувајќи го и правото на глас и правото да се кандидира за функција“, рече претседателот на ЕДФ, Yannis Vardakastanis.**

Единствениот аспект што недостасува во предложениот Изборен Законик е во член 5 за правото на кандидирање за функција, во кој експлицитно не се гарантира правото за кандидирање за функција без разлика на статусот за деловната способност. Во повеќето земји членки ова ќе биде пречка за лицата со интелектуална и психосоцијална попреченост да станат политички кандидати.

Новиот изборен законик што е во согласност со Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост неизбежно ќе има позитивно влијание врз националните, регионалните и локалните избори. ЕДФ ќе се поврзе со своите национални членки за да го застапуваат усвојувањето на оваа регулатива на Советот, која ги прави ЕУ изборите поинклузивни за 100 милиони лица со попреченост.

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА во соработка со НСИОМ

# Средби на претседателите на Националните инвалидски организации со владини претставници на Република Северна Македонија

**Изминатиот период претставници на Националните инвалидски организации остварија средби со низа владини претставници на кои имаа можност да разговараат за тековните состојби во областите на социјалната политика, како и да ги пренесат своите барања за унапредување на правата на лицата со попреченост.**

### Средба со Советниците на Премиерот во Владата на Република Северна Македонија

На 30.03.2022 година во просториите на Владата на Република Северна Македонија се одржа работна средба помеѓу претседателите на националните инвалидски организации (на лицата со телесен инвалидитет, слепите, глувите и лицата со интелектуална попреченост), од една страна, и претседавачот на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост, Спасе Додевски и Лидија Крстевска Дојчиновска, државен советник во владата, од друга страна.

Беше дискутирано за повеќе прашања од областа на социјалната политика, социјалните услуги и заштита на правата на лицата со попреченост, но главен акцент беше ставен на барањето за зголемување на надоместоците за нега и помош од друго лице, посебниот додаток и надоместокот за попреченост, како и нивно врзување за просечната месечна плата исплатена во РСМ, или нивно позиционирање на одредено ниво и подоцна редовно усогласување по швајцарската формула, слично решение како кај усогласување на пензиите на пензионерите.

Дел од барањата на здружените членки на НСИОМ се:

- Надоместокот за попреченост да изнесува 40% од просечната месечна плата исплатена во Република Северна Македонија за минатата година, усогласена според нова методологија за порастот на надоместокот врз основа на таканаречена швајцарска формула, односно учество на 50 отсто зголемување на трошоците на живот и 50 отсто учество на порастот на минималната плата;
- Посебниот додаток да изнесува 35% од просечната месечна плата исплатена во Република Северна Македонија за минатата година, усогласена според нова методологија за порастот на надоместокот врз основа на таканаречена швајцарска формула, односно учество на 50 отсто зголемување на трошоците на живот и 50 отсто учество на порастот на минималната плата;
- Надоместокот за нега и помош од друго лице во поголем обем да изнесува 30% од просечната месечна плата исплатена во Република Северна Македонија за минатата година, усогласена според нова методологија за порастот на надоместокот врз основа на таканаречена швајцарска формула, односно учество на 50 отсто зголемување на трошоците на живот и 50 отсто учество на порастот на минималната плата;
- Надоместокот за нега и помош од друго лице во помал обем да изнесува 26,5% од просечната месечна плата исплатена во Република Северна Македонија за минатата година, усогласена според нова методологија за порастот на надоместокот врз основа на таканаречена швајцарска формула, односно учество на 50 отсто зголемување на трошоците на живот и 50 отсто учество на порастот на минималната плата.

Ништо за нас - без нас!
НСИОМ
Национален совет на инвалидски организации на Македонија

На ова наше барање ни беше одговорено дека веднаш после нашиот состанок, претставниците од Владата на РСМ ќе одат на состанок со министерката за труд и социјална политика Јованка Тренчевска, ќе и ги презентираат нашите барања, а деновиве ќе остварат средба и со премиерот Ковачевски, кој не можел да не прими на разговор во овој период заради засилени државнички обврски и состаноци.

Истакнаа дека се работи во моментов на изготвување на пресметка и барање за ребаланс на буџетот за зголемување на постоечките износи на надоместоците од 15% засега, а како натаму ќе се одвива динамиката на зголемување, не можеа да ни кажат без дополнителни консултации со релевантните институции.

Побаравме најитно можно, а не подоцна од идната недела, да не информираат за договореното меѓу институциите, за очекуваните резултати и интервенции на Владата на РСМ и министерството за труд и социјална политика во оваа насока.

Исто така не известија дека работат и на решавање на другите наши барања чии преговори се приведени во завршна фаза, како што се намалување на рокот за чевлите на 6 месеци (односно два пара чевли годишно, летни и зимски) а не на 12 месеци како досега. да се исфрли критериумот вработеност или школување за остварување на право за

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА во соработка со НСИОМ

добивање на инвалидска количка на електромоторен погон, тифло тактички додатоци за лицата со оштетен вид и сл.

### Средба на претставници на НСИОМ со министерката за труд и социјална политика Јованка Тренчевска

Претставници на НСИОМ, меѓу кои и претставници на РЦПЛИП – ПОРАКА, на 29-ти април 2022 година оствариjа средба со министерката за труд и социјална политика, Јованка Тренчевска. На средбата, која се одржа во ДХО „Даре Џамбаз“, се разговараше за барањата кои што организациите членки преку Националниот Совет на инвалидски организации ги поднесоа во Министерството за труд и социјална политика.

„Во изминатиот период константно се сретнуваме со граѓанските организации и родителите на децата со попреченост за да ги слушнеме нивните потреби и заеднички да креираме политики и мерки во интерес на децата и лицата со попреченост. Врз основа на овие разговори воведуваме пакет мерки и дополнувања и измени во законите, со цел подобрување на животот на децата и лицата со попреченост. Нашата заложба е да ги решаваме предизвиците еден по еден со издржани систематски решенија“ рече Тренчевска.

Министерката истакна дека барањата на здруженијата ќе се разгледуваат заеднички, за да се обезбеди полесен пристап до достапни и бесплатни услуги и унапредување на правата. Ќе се воведе и ревизија на веќе дадените услуги со цел подобрување на квалитетот на испорака на истите и подобро таргетирање.

„Целта не е само покачување на висината на правата, туку и зголемување на обемот и достапноста до квалитетни услуги во делот на социјалната заштита, образованието и здравството, со што децата и лицата со попреченост на еднаква основа да се стекнат со квалитетно образование и да се стекнат со вештини кои ќе им обезбедат влез на пазарот на трудот и да направиме самостојни активни граѓани кои ќе придонесуваат за себе и за државата,“ додаде Тренчевска.

Министерката посочи дека, ќе се анализираат и сите други барања кои се доставени до МТСП и со заеднички напори ќе се работи на изградба на систем кој е праведен, кој ги следи потребите на секоја индивидуа и врз основа на потребите ќе се креираат политиките и мерките во иднина.

По одржаната средба, организациите членки на




Република Северна Македонија

**Министерство за труд и социјална политика**

НСИОМ добија писмена информација за мерките што ќе се спроведуваат во 2022 година. Во продолжение ја пренесуваме пишаната информација од Министерството за труд и социјална политика

Врз основа на одржаниот состанок и барањата на членовите на Националните инвалидски организации, Министерството за труд и социјална политика во соработка со другите релевантни министерства и институции Ве информира дека во 2022 година ќе спроведе неколку мерки кои се во интерес на унапредување на правата на децата и лицата со попреченост:

- Ослободувањето од партиципација за лицата со попреченост над 26 години корисници на правото за попреченост при специјалистичко – консултативна здравствена заштита, болничко здравствена заштита и за лекови издадени на рецепт на товар на Фондот за здравствено осигурување;
- Измена и дополнување на Законот за заштита на детето со кое ќе се овозможи покачување на посебниот додаток за 15% за сите три подвидови на корисници;
- Намалување на возрасната граница за остварување на правото за траен надоместок за родител кој се грижел за своето дете со попреченост до неговата 26 годишна возраст;
- Измена на Законот за социјална заштита со кое ќе се дополни делот за децата/ лицата кои можат да ја користат услугата за лична асистенција и за децата/ лицата со комбинирана попреченост, но каде едната од попреченостите е најтешка телесната попреченост;
- Измена и дополнување на Одлуката за цената на социјалните услуги за 2022 година, каде се предвидува цена за час индивидуален и цена за дневен третман за дете/лице со попреченост од стручен работник во лиценцираните Дневни центри за деца со попреченост, односно 858 денари за индивидуален третман и 1.053 денари дневно по корисник.
- Воведување на Регистар за лицата со попреченост;
- Измена на Правилникот за ортопедски помагала со што ќе се овозможи да се доделуваат ортопедски помагала – чевли на секои 6 месеци за сите возрасни групи;
- Подготовка на нова Национална стратегија за лицата со попреченост 2022-2027;
- Обезбедување на обуки и понуда на работни места за невработените родители на децата со попреченост во

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА во соработка со НСИОМ

услугите од социјалната заштита и во Дневните центри;
- Отворање на Центар за рана интервенција во соработка со Министерството за здравство и со Граѓанските организации;
- Отворање на 10 станбени единици за живеење со поддршка за 50 корисници од Специјалниот Завод Демир Капија и ЈУ Завод за рехабилитација Скопје.

Министерството ќе продолжи да ги унапредува правата на децата и лицата со попреченост во консултација со граѓанските организации, Националните Сојузи и родителите на децата со попреченост со кои во изминатите три години ги реализиравме следните мерки и политики:

- Воведување на две целосно нови услуги за децата и лицата со попреченост - Лична асистенција (269 денари за час) и услугата Домашна нега (289 денари за час) платени преку Центрите за социјална работа;
- Проширување на Правото за попреченост и за лицата со интелектуална попреченост;
- Зголемување на додатокот за надоместок за плата за скратено работно време за родител кој чува дете со попреченост до 50% од просечна нето плата;
- Воведување на траен надоместок за родител, кој се грижел за детето со попреченост до неговата 26 годишна возраст без да го смести во институција, кој е невработен и не користи право на пензија, по наполнување на 62 години за жена, односно 64 години за маж (8000 денари месечно).
- Зголемување на износот на утврдената висина на правото на посебен додаток за 15% и дополнително овој износ се зголемува за 25% и изнесува 6276 денари за материјално необезбедени семејства и зголемување за 50%, односно 7531 денар за самохраните родители коишто имаат дете со попреченост
- обезбедени средства и вработување на 500 образовни асистенти во наставата за кои се обезбедени 216 милиони денари
- отворени 7 станбени единици за живеење со поддршка за 35 лица до Специјалниот Завод Демир Капија.
- потпишувањето на договорот за лицата што користат Кохлеарни импланти за набавка на говорниот процесор;
- измена на правилникот за утврдувањето на список на поправки на ортопедските помагала за покривање на трошоците за сервис и поправка на говорниот процесор

Министерството за труд и социјална политика ќе продолжи да биде отворена институција за сите, бидејќи само заедно можеме да ги подготвиме најдобрите решенија кои се во интерес на подобрувањето на пристапот до правата и услугите од социјалната заштита, но и пристапот до пазарот на трудот и подобрување на капацитетите за вработување кај лицата со попреченост. Воедно ќе направиме анализа за сите други барања кои беа истакнати на средбата, како што е покачувањето на висината на правото за попреченост, воведување на правото за родител негувател, развој на рана интервенција за деца од 0-5 години, обезбедување на толкувачи на знаковен јазик како услуга, покачување на лимитот во Програмата за набавка на моторни возила од 10.000 на 15.000 евра, враќање на наменските средства кои се доделуваат преку средствата кои се добиваат согласно Законот за игри на среќа и други решенија кои се во интерес на децата и лицата со попреченост.

## Активности на Народниот правобранител

# Тркалезна маса „Унапредување на квалитетот на инклузивното образование на децата со попреченост“

„Унапредување на квалитетот на инклузивното образование на децата со попреченост“, беше темата на тркалезната маса што ја организираше Народниот правобранител, со цел согледување на проблемите во оваа сфера и утврдување на заклучни согледувања за нивно подобрување која се одржа на 19.4.2022 година во просториите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во Скопје. На тркалезната маса присуствуваа претставници на владини институции, претставници на организации на лица со попреченост, лица со попреченост и нивни родители.

„Институцијата Народен правобранител како национална институција за човекови права во чиј мандат е и заштитата, промоцијата и унапредувањето на правата на децата и лицата со попреченост, а од 2019 година и мониторингот на имплементацијата на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, преку тимот надлежен за мониторирање на имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост која е во рамки




на Одделот за заштита на правата на детето и лица со попреченост, во континуитет го следи остварувањето на правото на образование на учениците со попреченост. Имено, во изминатите неколку години направени се

## Активности на Народниот правобранител

повеќе евалуации на состојбата со уживање на правото на образование на учениците со попреченост, односно подготвени и објавени се Извештаи кои се базираат на податоци, со сублимирани констатации и дадени препораки до надлежните државни органи и институции во насока кон унапредување на состојбата со инклузивното образование. Исто така, во поголем број случаи работено е и предметно по поднесени претставки од областа образование за децата со попреченост, но со жалење можам да констатирам дека во голем број случаи и по сите преземени мерки и дејства согласно нашите надлежности, постапувањето завршило без успех“.

Ова, го рече, меѓу другото, народниот правобранител, г.Насер Зибери во поздравниот говор. Тој, исто така истакна дека за да се унапреди инклузивното основно образование, потребно е да се отстранат постојните бариери во училиштата (од архитектонски, преку информациски и комуникациски, до предрасуди и стереотипи), односно да се отстранат сите бариери кои ја попречуваат можноста да се задоволат различните потреби на поединечните ученици со попреченост во сите формални и неформални образовни средини.

Министерот за образование и наука, г.Јетон Шаќири, во своето обраќање нагласи дека градењето инклузивно образование е долготраен и комплексен процес, што подразбира постојано подигнување на нивото на поддршка, но само со вклучување на целото општество во остварувањето на правата на децата со атипичен развој се овозможува тие да стекнат знаења и вештини и да израснат во граѓани кои можат да се реализираат себе си и да придонесуваат за целата заедница.

„Инклузивното образование во Република Северна Македонија не е само образовна политика туку и образовна практика. Изминатите неколку години, како министерство вложивме многу во подигнување на нивото на инклузивност на образовниот систем и воспоставување на достапно, квалитетно и праведно образование за секое дете. Наша цел е создавање национален образовен систем кој се грижи за различните потреби на децата и ги интегрира во редовна настава, прилагодена на нивните можности“, рече министерот Шаќири.

Во редовно образование, во основните училишта се вклучени вкупно 911 ученици со посебни образовни потреби и 312 во средно образование. Тоа е резултат на реализирање сет активни образовни политики поткрепени со континуирано зголемување на буџетските ставки за инклузија.

Министерот Шаќири посочи дека Министерството ангажираше 500 образовни асистенти кои им помагаат на инклузивните тимови составени од наставник, стручен соработник и родител. Со интензивни обуки се овозможи поквалитетна настава за децата со атипичен развој, но и за децата со типичен развој, затоа што образовната асистенција за првпат значи интегрирање на учениците и следење заедничка програма.

„Почнувајќи од оваа учебна година, материјалите за учење за прво и за четврто одделение се достапни во електронска и аудио верзија, и за прв пат и на Брајово писмо




за сите ученици со оштетен вид. Следните неколку години, етапно, тоа ќе го направиме и за останатите одделенија од деветолетката“, рече министерот.

За променетата улогата на посебните училишта, кои сега работат како Основни училишта со ресурсен центар, Шаќири објасни дека тие се задолжени да обезбедуваат стручна помош и поддршка на општинските основни училишта и на учениците со попреченост вклучени во редовниот образовен систем. Со техничка поддршка од УНДП и во средните училишта, по примерот на основните, од септември ќе почне имплементација на образовна асистенција. Досега се ангажирани 79 асистенти и започнати се обуки во трите регионални центри за стручно образование во Охрид, Тетово и Куманово за инклузивно образование.

МОН континуирано работи и на зголемување на бројот на дефектолози и специјални педагози, на обуки на наставниците кои работат со децата со посебни образовни потреби, како и на зголемување на бројот и обученоста на образовните асистенти. За подобрување на пристапноста и достапноста на образовните институции, поставен е услов за одобрување средства за реализација на капитални проекти, објектите да мора да бидат лесно пристапни за лица со попреченост.

„Сите ние, секојдневно, треба да работиме на надминување на сѐ уште присутните сфаќања дека на овие деца не им е местото во редовното школување. Само да потсетам дека вклучувањето на децата со посебни образовни потреби во редовно образование е добро за сите деца, затоа што гради солидарност и ја намалува стигматизацијата, и истовремено е извор на ресурси за општеството - поттикнува на откривање нови можности, како кај наставниците така и кај соучениците. За да прераснеме во заедница која се грижи и нуди можности на различните од нас, најважен услов е сите да прифатиме дека попреченоста не е бариера туку можност“, заклучи Шаќири.

Државниот секретар на Министерството за труд и социјална политика, г.Ресми Ејупи, истакна дека нивото на инклузивност на националниот детски и образовен систем е еден од основните показатели за посветеноста на институциите на системот и на сите учесници во воспитно-згрижувачкиот и образовниот процес во обезбедувањето на еднакви права и можности за сите деца независно дали имаат или немаат посебни образовни потреби.

Тој уште еднаш потсети дека, инклузијата на децата со попреченост е еден од клучните приоритети на

## Активности на Народниот правобранител

Министерството за труд и социјална политика и на Владата на Република Северна Македонија.

Државниот секретар посочи дека, развојот на современите политики за децата со попреченост се видливи преку воведувањето на Меѓународната класификација на функционирањето при процената на децата со попреченост.

„Со новиот начин на проценка се напушта стариот медицински модел на гледање на попреченоста, односно се заменува со немедицинско гледање кое ги проценува јаките страни и способности на децата и младите, како и потребната поддршка што детето треба да ја добие во образовниот систем за да ужива еднакви можности како своите врсници и да може да го развие својот потенцијал,“ рече Ејупи.

Тој се осврна и на легислативните измени во Законот за заштита на детето, во кој повеќе не постојат посебни групи за деца со попреченост, туку децата се вклучуваат во редовните воспитни групи пред се раководејќи се од инклузивноста во згрижувањето, а особено на воспитанието на децата. А со цел, да го поддржиме вклучувањето на децата во  редовниот образовен систем и во општеството во целина, направени се и измени во Законот за социјална заштита со кои возрасната граница за користење на услугата на лична асистенција се намали од 18 години на 6 години.

Државниот секретар информираше дека усвоен е нов пристап за просторните услови, односно воспоставени се нови стандарди и нормативи за градинките, со што просторот во кој децата престојуваат треба да биде уреден согласно нивните потреби за движење и поттикнување на учење преку игра. Дополнително пристапноста стана задолжителен услов за да се одобрат средства од Министерството за труд и социјална политика, за адаптација или изградба на детските градинки.

„Како еден од најбитните услови за подобрување на инклузивноста на предучилишното образование е згрижувачко-воспитниот кадар и подигнување на нивното знаење за работа со деца со попреченост, работа во група со сите други деца, подигнување на инклузивноста во самата занимална и во целата градинка,“ рече Ејупи.

Тој истакна  дека во тек е јавен повик за избор на меѓународна консултантска компанија за дизајн, организирање и имплементација на тренинг програма „Средината за учење и инклузија“, со која е планирано да бидат опфатени 1500 вработени и сите директори на детските градинки. Во тек е и имплементација на проектот „Подигнување на квалитетот на предучилишното образование и грижа“ од Акциската програма на ИПА 2017, наменет за модернизација на системот за кариерен и професионален развој на вработените во детските градинки, зајакнување на учеството на родителите во предучилишното воспитание, особено на родителите на деца во ризик и деца кои се социјално исклучени.

„Прифаќањето на различностите е вредност која сите ние треба активно да ја применуваме. Само така нашето општество ќе расте и ќе се развива,“ рече Ејупи. Тој додаде дека заложбите за обезбедување на квалитетно образование за децата со попреченост, за еднаков, квалитетен и исполнет ран детски развој на децата со попреченост, ќе продолжат и понатаму.

Во своето излагање на панел дискусијата, државниот советник од канцеларијата на народниот правобранител, г-ѓа Васка-Бајрамовска Мустафа се осврна на процесот на следење на инклузијата во образовниот процес од страна на Институцијата.

„Од добиените податоци од основните училишта со ресурсен центар произлегува констатацијата дека за учебната 2021/2022: Примени се вкупно 740 барања за обезбедување образовен асистент. Позитивно е одговорено на вкупно 485 барања, НЕ е позитивно одговорено на вкупно 255. Дополнително побарано од Министерството за образование и наука (МОН) согласност за ново финансирање за вкупно 191 образовен асистент, за кои сè уште не е добиен одговор“, истакна Бајрамовска-Мустафа.

Според Бајрамовска - Мустафа, главни предизвици за остварување на инклузијата се тоа што голем број на основни училишта не се пристапни, има недоволно поддржувачка инклузивна клима во училиштата, постои недостаток од асистивна технологија, помагала, дидактички наставни материјали, недоволно е застапено разумното прилагодување на индивидуалните потреби на ученикот, несензибилизиран наставен кадар, недоволно обучен за работа со деца со попреченост, неподготвеност на наставниот кадар во основните училишта за изработка на Индивидуални образовни планови, недоволно конкретни насоки од МОН во однос на модифициранaта програма, во голем број основни училишта недостасуваат специјални едукатори и рехабилитатори како стручни лица во стручните служби.

Во дебатата на Тркалезната маса, на теми за инклузија зборуваа и в.д.директорот на Бирото за развој на образованието Зеќирија Хасипи, г. Горан Петрушев, раководител на Службата за функционална проценка на деца и млади при ЈЗУ Здравствен дом Скопје, г-ѓа Марија Делетиќ и г-ѓа Билјана Стерјадовска од ОУРЦ „д-р Златан Сремец“. Учество зедоа и г-ѓа Мирјана Дамњановиќ, директор на ОУРЦ „Маца Овчарова“, м-р Љиридон Бафтији, в.д. директор на ЈУ МЦСР на Град Скопје, како и г-ѓа Александра Божинова, локален координатор за лична асистенција од Црвен крст Скопје. Секој од нив го пренесе искуството од работата на институцијата од каде доаѓа.



## Извештај на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Извадок од извештајот на РЦПЛИП – ПОРАКА „10 години потоа“ во однос на состојбите со образованието на лицата со интелектуална попреченост

За разлика од пред 10 години, кога во државата почна засилено да се застапува инклузијата на децата со попреченост во образовниот процес, но недостасуваа конкретни акции и главна достапна можност за вклучување на децата со интелектуална попреченост беше во посебно основно училиште или посебна паралелка, денес веќе може да зборуваме дека образовниот систем доживува суштински промени, особено во изминатите неколку години. Тоа е резултат на зголеменото прифаќање на правото на секое дете на квалитетно образование, што повторно во најголема мера се должи на заложбите на организациите на лицата со попреченост за афирмирање на ова основно човеково право.

Со донесувањето на новиот Закон за основно образование во 2019 година, како и на донесувањето на Концепцијата за инклузивно образование од страна на Министерството за образование и наука, државата направи голем исчекор кон признавање на правото на инклузивно образование на децата со попреченост и посебни образовни потреби и постави солидна рамка за претстојните реформски процеси.

Двете најзначајни иницијативи кои се спроведуваат во рамките на реформските процеси во образованието, а се однесуваат на учениците со попреченост се:

1. Трансформацијата на посебните основни училишта во основни училишта со ресурсни центри кои добиваат исклучителна важна улога согласно нивните обврски за поддршка на реформскиот процес,
2. Вработувањето на 500 образовани асистенти кои треба да пружат директна поддршка на децата со попреченост и наставниот кадар во редовниот образовен процес (според податоци на МОН во редовниот образовен процес се вклучени приближно 800 деца со попреченост). Ангажирањето на образовните асистенти треба во голема мера да ја олесни работата на наставниците и да ги ослободат семејствата од плаќање на асистенти.

Со тоа државата јасно ја поставува интенцијата за создавање на системски пристап во обезбедувањето на услови секое дете да добие еднаква можност за вклучување во редовниот образовен процес.

Но, и покрај позитивните промени во законската рамка и напредокот во образовните политики, истражувањето покажува дека, исто како пред 10 години, потребна е посериозна иницијатива за подобрување на образовната инклузија. Со оглед дека конкретните активности, како што е на пример ангажирањето на образовните асистенти, започнаа во втората половина на 2021 година, сѐ уште е рано да се процени успешноста на политиките и да се предвидат ефектите, но се очекуваат позитивни исходи.

Истражувањето исто така покажува дека е потребна силна политичка волја и посветеност на чинителите во реформата, со цел започнатите иницијативи да се реализираат, а постигнатото да се одржи во оптимални рамки. Останува фактот дека за постигнување на целосно инклузивно образование државата треба да преземе дополнителни мерки и инвестиции за подобрување на инфраструктурата, адаптирање на наставните програми, подигање на свеста, а особено внимание треба да се посвети на зајакнување и обука на наставниот кадар. Во таа насока, воочени се поединечни добри практики за подобрување на опфатот на деца со попреченост во предучилишно образование и обука на персоналот во детските градинки од страна на одредени организации, како што се обуките за персоналот во градинките кои ги организираше РЦПЛИП – ПОРАКА преку ЕУ проектот „Рана инклузија преку взаемно учење“, како и обуката на УНИЦЕФ за методологијата на работа со деца со попреченост, но сепак ваквите практики најчесто се краткорочни проектни активности без континуитет.

Особено е важно е да се создадат услови за надминување на разликата која постои во однос на правото на образование, а зависи од степенот на попреченост. Според исказите на родителите, вклучувањето во редовниот образовен систем сѐ уште е можно само за децата со лесна интелектуална попреченост и за одреден мал број на деца со умерена интелектуална попреченост, додека другите деца, особено со тешка и со длабока интелектуална попреченост воопшто не се опфатени во образовниот систем.

**Препораки:**

- **Обезбедување на сите потребни материјални, финансиски, инфраструктурни, човечки ресурси за целосно спроведување на позитивната законска рамка за инклузивно образование и целосно напуштање на досегашната практика на сегрегација на учениците со интелектуална попреченост во сегрегирани образовни средини.**
- **Обезбедување можности и поддршка за секое дете/лице со интелектуална попреченост да биде вклучено во воспитно-образовна програма, без разлика на степенот на попреченоста.**
- **Воведување на нови методологии за работа со децата со попреченост во образовниот систем и осовременување на наставните програми согласно барањата на пазарот на трудот.**
- **Обезбедување на соодветна поддршка, ресурси и квалификувана обука за наставниците и помошниот персонал, за да се поттикне инклузијата.**
- **Обезбедување на универзална пристапност до образовните објекти и простории, на сите образовни нивоа.**
- **Подигање на свеста кај наставниот кадар, училишните деца и нивните родители за потребите и правата на лицата со интелектуална попреченост.**

Активности на Владата на Република Северна Македонија

# Развој на мултисекторска национална стратегија за правата на лицата со попреченост на Република Северна Македонија

Периодот на спроведување на последната Национална стратегија за лица со попреченост (2010-2018) одамна заврши. Од 2018 година, координацијата на националните политики насочени кон потребите на лицата со попреченост се спроведува во форма на годишни акциски планови (2019, 2021 г.) каде се вклучени неколку клучни ресорни министерства со воведување конкретни мерки во рамки на своите институционални стратегии.

Во отсуство на национална меѓусекторска стратегија, темпото и длабочината на интегрирањето на принципот на „Никој да не биде изоставен“ со фокус на попреченоста во различните сектори се многу ограничени бидејќи ресорните министерства имаат тенденција вклучувањето на лицата со попреченост да го гледаат како примарна обврска на Министерството за труд и социјална политика. Ова беше особено видливо во ограничените буџетски средства распределени во другите ресорни министерства за реализација на активностите планирани со акциските планови. Од друга страна, без стратешки насоки од централно ниво, општините не се во можност да воведат дополнителни услуги приспособени на различните видови попреченост или да се вклучат во трансформативни активности за создавање поинклузивни заедници.

Процесот на подготовка на новата стратегија е инициран и фацилитиран од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија преку Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, во соработка со Министерството за труд и социјална политика како носител на Стратегијата. Канцеларијата на GIZ, како и Агенциите на ОН во нашата земја ќе ја дадат нивната поддршка во целиот процес на изработка на овој значаен стратешки документ.

На новата стратегија ќе ѝ претходи евалуација на претходно спроведените годишни акциски планови (2019, 2021 г.), препораките на Комитетот на ОН за правата на лицата со попреченост, со цел да се разгледаат постигнатите резултати, да се идентификуваат потребите и можностите за унапредување на правата на лицата со попреченост. Во оваа насока, како основа за извештајот за евалуација ќе се земат главните препораки предложени во Ситуационата анализа на правата на лицата со попреченост (2021 г.).

Документот ќе даде насока што е можно повеќе засегнати страни да инкорпорираат мерки што ќе придонесат за исполнување на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост во Република Северна Македонија.

Стратегијата ќе содржи акциски план што ќе предвидува краткорочни, среднорочни и долгорочни активности со фокус на мерки посебно наменети за лицата со попреченост, како и интегрирање на попреченоста во различни секторски политики. Активностите во акцискиот план исто така ќе бидат поврзани со соодветните Цели за одржлив развој и под-цели, што ќе им помогне на релевантните министерства да прибираат податоци за



следење на спроведувањето на стратегијата. Во овој поглед, од голема полза ќе биде локалното прибирање податоци според принципот „Никој да не биде изоставен“ од Агендата 2030 на локално ниво.

**Како дел од процесот на развивање на Националната стратегија за правата на лицата со попреченост на Република Северна Македонија на 25.5.2022 година во просториите на Националниот совет на инвалидски организации на Македонија во Скопје се одржа консултативна средба со сите релевантни чинители кои се засегнати со процесот на развојот на документот, односно претставници на Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, членови на НКТ за имплементација на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, Агенциите на Обединетите Нации во земјата, Националните инвалидски организации, претставници на Канцеларијата на Народниот правобранител, граѓанските организации, родителските заедници и лица со попреченост.**

Националната стратегија за правата на лицата со попреченост на Република Северна Македонија е дел од Владината програма за 2022 година, а носител е Министерството за труд и социјална политика со техничка поддршка на Германската развојна агенција.

Во консултативните процеси беа земени во предвид мислењата на сите учесници каде што секој го даде својот придонес. Развојот на документот ќе биде согласно обврските и начелата преземени со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост и комплементарна со Европската стратегија за правата на лицата со попреченост, врз основа на податоци и анализи направени за моменталната состојба со почитувањето и остварувањето на правата на лицата со попреченост.

Позитивната атмосфера создава услови да се изработи сеопфатна и реална стратегија која ќе биде одржлива, спроведлива и во која ќе бидат вклучени сите, од централните и локалните власти, Националните инвалидски организации, граѓанските организации, лицата

## Активности на Владата на Република Северна Македонија

со попреченост, организациите на ООН. Преку дискусија заеднички е договорена временска рамка за извршување на идните активности.

Присутните соговорници постигнаа консензус дека развојот на Националната стратегија е од голема важност за лицата со попреченост, унапредување на нивните права и вклучување во општество на еднаква основа со другите.

**Во продолжение следи Концептот за изработка на мултисекторската национална стратегија за правата на лицата со попреченост на Република Северна Македонија:**

### Позадина

- Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост е усвоена во 2006 година, а ратификувана од страна на Република Северна Македонија во 2011 година.
- Пристапот на Конвенцијата заснован на човекови права и основниот принцип „Никој да не биде изоставен" од Агендата 2030 се водечките принципи на Стратегијата.
- Децата и возрасните со попреченост (и индиректно нивните семејства) се идентификувани како најранлива група.
- Изразени потреби за развој на сервиси и услуги во областите на образование и социјала, а постоечките услуги не се еднакво достапни за децата и лицата со различен тип на попреченост, како и не усогласеност со меѓународните стандарди.
- Мапирањата покажаа дека услугите што се достапни на локално ниво не допираат до сите лица на кои им е потребна услугата.
- Услугите треба дополнително да се развиваат за да ги задоволат нивните потреби според видот на попреченоста, возраста и полот.
- Потребно е да се посвети повеќе на социјалните услуги директно насочени да работат со семејствата за да се спречи разделувањето и да се поддржи повторното обединување онаму каде што разделбата била неизбежна.
- Вклучувањето на министерствата како и вклучувањето на организации на лица со попреченост, родителски организации, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Здружението на единици на локалната самоуправа (ЗЕЛС), Канцеларијата на Народниот правобранител и другите релевантни чинители ќе биде од клучно значење за успех на процесот.
- Стратегијата ќе содржи акциски план кој ќе предвидува краткорочни, среднорочни и долгорочни активности со фокус на конкретни мерки за попреченост, како и вклучување на попреченоста во различни секторски политики.
- Активностите во акцискиот план исто така ќе бидат поврзани со соодветни Цели на одржлив развој и под-цели кои ќе им помогнат на релевантните министерства да собираат податоци за следење на имплементацијата на стратегијата.

### Принципи

- Пристап со двојна патека (Twin track approach) со подеднакво значење и на мерките специфични за попреченоста и на вклучувањето на попреченоста во сите полиња на политиките.
- Партиципативен пристап со земање предвид на ставовите и мислењата на организациите на лицата со попреченост.
- Пристап од долу - нагоре во дефинирањето на новата стратегија со земање предвид на потребите идентификувани на локално ниво врз основа на известувањето за социјалното мапирање и со вклучување на ЗЕЛС.
- Координиран пристап преку соработка со сите развојни агенции за да се усогласат нивните програми со планираните активности во стратегијата.
- Меѓусекторски пристап со вклучување на претставници од приватниот сектор и граѓански организации кои работат на полето на човековите права и попреченоста.
- Зајакнување на пристапот заснован на човековите права со усогласување на сите активности со принципите на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост и принципот „Никој да не биде изоставен" од Агенда 2030 и Целите за одржлив развој.

### Дизајн на процесот

Подготвителни чекори:

- Координација и соработка со развојните агенции, организациите на лица со попреченост и Канцеларијата на Народниот правобранител
- Координација за улогите и придонесите од другите сектори
- Евалуација и анализа на постоечката состојба

**Фаза I – Воведна (Kick-off) дводневна работилница за сензибилизација на различните засегнати страни за принципите на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост и моделот за човекови права**

Ден I – Сензибилизација на принципите на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост
Ден II – Идентификување на влезни точки во секторските политики низ предлог тематските области и придонес од засегнатите страни

**Фаза II – Тематски области, работни групи, национални и локални работилници**

I. Пристапност (транспорт, домување, јавни простори, комуникации)
II. Медиуми и транспарентност (свесност за правата за специфични услуги за поддршка, пристап до култура и уметност)
III. Служби специфични за попреченост (социјална заштита, образование, здравство)
IV. Вработливост
V. Пристап до правда, владеење на правото и демократско учество
VI. Локален развој и инклузивни заедници
VII. Следење и имплементација

## Активности на Владата на Република Северна Македонија

**Фаза III – Работилница за валидација**

### Улоги и придонеси од идентификуваните партнери

- Врз основа на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година, Министерството за труд и социјална политика е носител на Националната стратегија за правата на лицата со попреченост, согласно што ќе ја води подготовката на документот низ транспарентен, инклузивен и партиципативен процес со сите релевантни национални чинители и меѓународни партнери. Откако ќе биде финализирана, Министерството за труд и социјална политика ќе ја достави предлог Националната стратегија за разгледување и усвојување од страна на Владата.
- Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, како иницијатор на процесот на изработка на стратегијата, ќе ги стави на располагање својата стручна и техничка експертиза и ќе даде поддршка за ангажирање и координација на релевантните министерства, организациите на лицата со попреченост, академската заедница и други актери во текот на целиот процес.
- Организациите на лицата со попреченост и родителските организации ќе дадат придонес од перспектива на различни типови на попреченост, како и други граѓански организации кои работат на полето на човековите права.
- Канцеларијата на Народниот правобранител ќе придонесе во име на механизмот за следење на спроведувањето на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост и ќе споделува експертски придонес од перспектива на човекови права и антидискриминација.
- Здружението на единици на локалната самоуправа (ЗЕЛС) ќе придонесе со знаење за потребите на општините во вклучувањето на попреченоста на локално ниво, како и застапување за предусловите што треба да се исполнат за да општините можат да дејствуваат како партнер за координирање на процесот на локална имплементација.
- Приватниот сектор ќе биде претставен преку трите најголеми стопански комори.
- Други социјални претпријатија познати како модел за работна интеграција.
- Развојните организации и другите проекти на ГИЗ (конкретно СЕДРА и Спорт за развој) ќе придонесат преку споделување на нивната експертиза во работните групи, како и усогласување на нивните тековни и идни проектни активности со потребите за спроведување на претстојната стратегија.

## Активности на ЕАСПД

# Европска конференција „Иднината на правото на работа: Каква е улогата на социјалната економија?“

**Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост – ЕАСПД, во соработка со хрватската организација за професионална рехабилитација и вработување на лица со попреченост - ОСВИТ, во периодот 3 – 6 мај 2022 година ја организираше меѓународната конференција на тема „Иднината на правото на работа: Каква е улогата на социјалната економија?“**

Конференцијата на тема „Иднината на правото на работа: Каква е улогата на социјалната економија?“ се одржа во Загреб, Хрватска. На конференцијата присуствуваа клучните домашни и меѓународни чинители – стручњаци, активисти и лица со попреченост – за да се истражи улогата на социјалната економија во унапредување на пазарот на труд, како и да идентификуваат како да се реализира нејзиниот максимален придонес.

Како што кажуваат организаторите на конференцијата, светот на работата и трудот поминува низ важни промени, особено, но не и само поради влијанието на дигитализацијата на секоја гранка во индустријата. Самата работа се менува. Се развиваат можностите за вработување, а организацијата на работата се прилагодува на овој нов контекст. Овие промени, исто така, доаѓаат во време на пандемија со КОВИД-19, која влијае на економијата стопанството, но и забрзува некои од тие промени. Накратко, иднината на работата ќе изгледа многу поинаку за една деценија од денес – со предностите и недостатоците што доаѓаат со овој процес.




Промените во иднината на работата имаат последици врз лицата со попреченост и нивните работни можности. Веќе денес е поголема веројатноста дека лицата со попреченост ќе бидат невработени (50%) во однос на лицата без попреченост (25%). Уште полошо, оваа статистика не ја зема предвид ситуацијата на милиони неактивни лица

## Активности на ЕАСПД

со попреченост низ Европа. Како тие промени ќе влијаат на лицата со попреченост и нивното вработување? Дали тоа ќе создаде повеќе или помалку прилики?

Социјалната економија е главен актер во областа на трудот и работата за лицата со попреченост - вработување, оспособување или пружање поддршка на милиони лица со попреченост за да можат да добијат работа. Секако дека е постигнат напредок, особено околу моделите на поддршка на отворениот пазар на труд. Сепак, и понатаму постојат трајни предизвици, нагласени со постојано високите стапки на невработеност, сиромаштија и социјална исклученост на лицата со попреченост. Како може да се прилагоди социјалната економија и на промените во светот на трудот, но и да постигне напредок потребен за пружање поддршка на поголем број на лица со попреченост во пристапот на квалитетни работни места?

Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, а особено член 27, е компас за тоа како лицата со попреченост можат да уживаат во пристапот до работа и вработување на рамноправна основа со другите. Ги поттикнува креаторите на политики, претпријатијата и другите да прават повеќе за да се создаде рамка за подобри услови. Исто така, ја поттикнува социјалната економија – особено поради својата способност да создаде достојни и инклузивни работни места за лицата со попреченост на отворениот пазар на трудот. Како социјалната економија може да стане дел од прогресивното остварување на правото на работа на лицата со попреченост?

Во текот на конференцијата, говорниците се осврнаа на клучните области за дискусија и отворија значајни прашања за тоа каде социјалната економија може да помогне во создавање на поинклузивен пазар на работни места за лицата со попреченост, односно:

- Да се разгледаат конкретни примери од успешни приказни за тоа како социјалната економија може да им помогне на лицата со попреченост да го уживаат правото на работа и вработување на еднаква основа со другите.
- Да се утврди што е квалитетно работно место за лица со попреченост и што тоа значи за социјалната економија.
- Да се идентификуваат вештините кои се потребни за да се создадат можности за работа за во иднина.
- Да се истражи како иднината на работата ќе влијае на социјалната економија (и обратно).
- Да се разговара за тоа ако и како може да придонесе социјалната економија за имплементација на членот 27 од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост.
- Да се дознае нешто повеќе околу активностите што ги презема Европската унија за да ги зајакне резултатите на пазарот на труд за лицата со попреченост, вклучително и преку Акциониот план за социјална економија

На сите овие прашања, но и на повеќе, конференцијата се обиде да одговори низ четири панели во пленарниот дел, и на осум работилници во четири паралелни работни простории.

Но пред работниот дел, на големиот меѓународен собир, се обратија организаторите, како и почесните гости. Така, воведни и поздравни обраќања имаа претседателот на ЕАСПД, James Crowe, претседателот на OSVIT, Јосип Држаиќ, раководителката на Секторот на Загреб за социјална заштита, здравство, бранители и лица со попреченост, Романа Галиќ, и министерот за труд, пензиски систем, семејство и социјална политика, Марин Пилетиќ.

На првиот панел „Успешни приказни за лица со попреченост, успешни приказни за социјалната економија“ се говореше за важноста на образованието и поддршката од семејството, како и за можноста за „трансфер“ на отворениот пазар на труд. Исто така, се говореше и за иднината на заштитното вработување. Вториот панел „Истражување на квалитетни работни места низ социјалната економија“ се осврна на инклузијата и одржливоста на социјалното претприемништво.

Во текот на првиот работен ден од конференцијата се одржаа и четири работилници на темите: „Професионална рехабилитација - Да почнеме со работа! – Два примери на професионална рехабилитација“, „Вештини за иднината на пазарот на труд“, „Како да се создаде работно опкружување отпорно на иднината: Научен инструмент за мерење на работните вредности“ и „Вештини за иднината: социјалните претпријатија за работна интеграција се спремни!“.

Вториот ден од конференцијата го отвори Катарина Иванковиќ – Кнежевиќ, претставник на Европската Комисија, која ги претстави актуелните и идните стратегии и мерки на Европската унија кои се однесуваат на вработувањето на лицата со попреченост.

Првиот панел од вториот ден, „Иднината на работата: Што значи за лицата со попреченост и за социјалната економија?“ пренесе интересна студија за вработувањето на лицата со попреченост, а се разговараше и за значењето на инклузијата, како и за иновативните модели на работење во социјалното претприемништво. На вториот панел, „Каква е иднината на вработувањето преку социјална економија?“, исто така, се разговараше за иднината на вработувањето, а воедно и за актуелните и идните политики на европско ниво, а особено емотивна беше дискусијата за човековите права.

Покрај претставувањето на кулинарските вештини и новото издание на гастрономскиот натпревар за лица со попреченост реализиран од организацијата UNUO, во текот на вториот ден од конференцијата се одржаа и четири паралелни работилиници на следните теми: „Поттикнување на иновации во вработувањето“, „Социјалното претприемништво како можност за вработување на лица со попреченост во Хрватска“, „Максимално искористување на технологијата за квалитетни работни места“, и „Кафуле на ЕАСПД за развивање на проекти“.

На конференцијата „Иднината на правото на работа: Каква е улогата на социјалната економија?“ учествуваа Д-р. Василка Димоска Де Јонг, Генерален секретар на РЦПЛИП – ПОРАКА и м-р Владо Крстовски, програмски менаџер на РЦПЛИП – ПОРАКА. Исто така, Генералниот секретар, како член на Управниот одбор на ЕАСПД, учествуваше на состанокот на Управниот одбор, а како претседавач на Форумот на ЕАСПД за рана интервенција, го водеше состанокот на овој форум. Заедно со програмскиот менаџер, учествуваа на состанокот на Форумот за инклузивно живеење и седницата на Генералното Собрание.

# Активности на сервисните служби во мрежата на РЦПЛИП - ПОРАКА

**Дневни центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје**

Активностите во дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје се реализираат согласно предвидените програми за работа насочени кон стекнување вештини за самостојно живеење. Покрај овие секојдневни активности се реализираа и низа креативни работилници. Дел од нив беа за одбележување на Велигден. Со корисниците се работеше на разбирање на велигденскиот пост, неговото траење и разликување на храна од животинско и растително потекло. Се реализираа работилници во кои беа изработувани велигденски корпи, венци и бројни велигденски декорации изработени од комбинирани материјали. Корисниците засадија и велигденско жито и повторно имаа можност да го набљудуваат процесот на ртење, раст и развој на растенијата. Традиционално на Велики Четврток корисниците самостојно бојадисуваа велигденски јајца. Од готовите изработки беа подготвени симболични велигденски подароци за секој корисник.

Како резултат на долгогодишната соработка со Театар Пи, во текот на месец мај беа реализирани неколку работилници за глума и танцување. Работилниците беа иницирани и водени од страна на Talitha Nyland, професионален танчер и Charissa Kock, едукатор, драматург, соработници на Театар Пи од Холандија. Преку вежби за концентрација, движење и координација, утврдени со ритмична музика и музика за релаксација, професионалците ги насочуваа работилниците со корисниците. Конечниот производ од работилниците е планирано да биде вметнат во наредниот проект/перформанс на Театар Пи и ПОРАКА.

**Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш**

Активностите во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш измниатиот период продолжуваат да се реализираат според предвидената програма за работа.

Како завршен дел од реализираниот проект за изведба на театарската претстава „Волшебникот и пријателите“ во организација на Центарот за култура „Ацо Караманов“, а во соработка со ученици од СОУ „Коста Сусинов“ и дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш се реализираше еднодневно дружење во Скопје. Целта на оваа еднодневна дружба со забавно-рекреативен карактер беше прошетка на учесниците во „Зоолошката градина“ – Скопје, како и развивање интерес за уметноста и градење на културни навики преку посетата на „Македонската опера и балет“ во Скопје.

Во рамките на проектот „Волонтерска порака“ на Општинската организација на Црвен крст во Радовиш, корисниците на дневниот центар заедно со членовите на Црвен крст и нивните координатори направија хортикултурно уредување на дворното место со разнобојни садници од цвеќиња. Сите заедно вредно работеа од подготовка на земјиштето во жардиниерите, чистење, копање, садење на садниците до нивно наводнување и расчистување на цело дворно место. Исто така, се реализираше работилница за изработка на велигденски сувенири и мотиви заедно со волонтери од Црвен крст и ученици од Основните училишта од градот. На 24-ти април под покровителство на Градоначалникот на Општина Радовиш и Домот на културата „Ацо Караманов“ се одржа манифестацијата „Избор на најубаво велигденско јајце, песна и творба 2022 година“. Корисниците на дневниот центар, како и секоја година така и оваа, со свои изработки или цртежи учествуваа на оваа манифестација.

На 28-ми април корисниците на дневниот центар се запознаа со нови пријатели Ѓорѓи и Тања Ичеви од Herbalife Nutrition кои им донираа производи со различни вкусови за здрави напитоци и додатоци во исхраната за зголемување на имунолошкиот систем.

На 3-ти мај, како дел од проектот „Волонтерска порака“ се спроведоа неколку активности заедно со волонтери од Општинската организација на Црвен крст во Радовиш и меѓународни волонтери од повеќе странски земји дојдени во Волонтерскиот центар од Скопје кои дојдоа на посета во Радовиш. Заедно со корисниците на дневниот центар сите волонтери имаа активности за меѓусебно запознавање преку игри во салата на дневниот центар, а потоа се организираше посета на манастирскиот комплекс „Свети Ѓоргија“ во село Ораовица.





## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА и неговите социјални сервисни служби






**Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип**

Програмските активности во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип во изминатиот период редовно и непречено се реализираа согласно предвидената програма за работа. Покрај редовните активности, корисниците на дневниот центар беа вклучени и реализираа активности кои се реализираа со соработниците на дневниот центар.

Корисниците на дневниот центар учествуваа на атлетската трка организирана од страна на УГД Спорт по повод 15 години Универзитет “Гоце Делчев” - Штип. Организаторите ги пофалија лицата со интелектуална попреченост, корисници на дневниот центар, кои исто така успешно ја завршија трката, со што уште еднаш се докажува колку е важна меѓусебната поддршка.

По повод ,,Денот на здравјето'' на 7-ми април, во соработка со НУ – У Библиотека ,,Гоце Делчев"- Штип и со поддршка од стоматолог беше одржана работилница на тема ,,Здрави заби''. Корисниците на дневниот центар добија корисни совети за правилна нега и грижа за своите заби и имаа можност да видат како правилно да ги мијат.

Во изминатиот период започна да се реализира и проектот „Спорт и рекреација за сите” кој македонската репрезентативка во карате и фитнес тренер Бојана Манева ќе го спроведува во соработка со ЦПЛИП – ПОРАКА Штип, а е поддржан од Советот на Општина Штип. Проектот има за цел да воведе физичка активност кај лицата со интелектуална попреченост, корисници на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип и да се подобри нивното психо-физичкото здравје. Тие ќе имаат можност за тренинзи во сала и со соодветна опрема преку игра да стекнат навика за вежбање и да го покажат својот спортски талент.

Во чест на 24 Мај - Ден на сесловенските просветители Св.Кирил и Методиј, НУ – У Библиотека ,,Гоце Делчев"- Штип и оваа година по трети пат го одбележи со креативно - книжевни работилници. ЦПЛИП – ПОРАКА Штип како долгогодишен соработник на библиотеката зеде учество и во овогодинешното одбележување. На 18-ти мај се реализираше првата креативна работилница на која корисниците на дневниот центар учеа и изработуваа разни букви, им се читаа текстови од литературата.

**Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Прилеп**

Активностите на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Прилеп непречено се одвиваа и реализира во изминатиот период. На почеток на месец април се организираше посета на локален маркет со цел да се направи разлика во местата на чување на различни производи, а со тоа и полесно пронаоѓање на истите.

По повод големиот христијански празник Велигден, активностите беа насочени кон изработка на велигденски украси со што корисниците има можност преку примена на различни материјали да ја изразат својата креативност. На покана на училиштето за англиски јазик Helen Doron English – Prilep, корисниците имаа можност да присуствуваат на адаптирана работилница по англиски јазик, а во знак на благодарност подарија дел од своите велигденски изработки. Во месец мај беше реализирана посета на полициската станица во Прилеп, каде корисниците имаа можност да се запознаат со работата на полицијата.

Неколку членови на џудо клубот Сеишин го посетија дневниот центар и заедно со нашиот корисник Христијан Стојкоски демонстрираа различни џудо вештини, со цел да се укаже на важноста од спортот врз психофизичкиот развој. Исто така во месец мај, на амфитеатарот на Могилата на непобедените, корисниците на дневниот центар имаа можност да ја гледаат театарска претстава „Некогаш одамна....за уметностите“, изведена од учениците на СОУ “Ристе Ристески”- Ричко.

**Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Струмица**

Активностите за поголема независност и самостојност на лицата со интелектуална попреченост во домот редовно се спроведуваат во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Струмица. Покрај овие активности се реализираа и низа други, поврзани со одбележување на позначајни датуми или настани. По повод 2 април, Светскиот ден за подигнување на свеста за аутизмот, ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица заедно со Градоначалникот на Општина Струмица, Костадин Костадинов, Министерката за труд и социјална политика, Јована Тренчевска, како и други НВОи од општината, учествуваше на настан за подигнување на свеста за аутизмот и лицата со аутизам.

Социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Струмица заедно со ученици од СОУУД „Димитар Влахов“ од Струмица и Europe House Strumica организираа и спроведоа интересен натпревар. Во етно ресторанот „Кај Виктор“ во село Босилово чиј сопственик е родител на лице со аутизам, се реализираше натпревар во готвење и декорирање на зготвената храна.

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА и неговите социјални сервисни служби



Со пораката „Да ги отфрлиме стереотипите, а да ја подигнеме свеста за нашите потенцијали и можности“, ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица организираше Велигденски Базар. На Базарот му претходеа неколку креативни работилници во социјалниот клуб со цел да се подготват различни ракотворби со мотиви на велигденските празнувања. На 23 април 2022 година во малото паркче спроти ТЦ Глобал, во центарот на Струмица се реализираше овој хепенинг на кој можеа да се купат разните изработки на корисниците на социјалниот клуб. Она што радува е дека, од година во година, граѓаните сè повеќе го препознаваат и вреднуваат трудот на лицата со интелектуална попреченост. Собраните средства ќе бидат искористени за опремување на социјалниот клуб со материјали за реализација на програмските активности.

**Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Виница**

Социјалниот клуб на РЦПЛИП - ПОРАКА во Виница во изминатиот период редовно реализираше низа активности на кои корисните усвојуваа когнитивни, практични и социјални вештини.

По повод велигденските празници, корисниците на социјалниот клуб во соработка со ученици од СОУ „Ванчо Прќе” и ООУ „Гоце Делчев” и волонтери од Црвен крст реализираа низа креативни работилници за изработка на цртежи со велигденски мотиви, ракотворби, украси, кошници за велигденски јајца и дрвени гајби кои беа подарени на граѓаните на општина Виница.

Се реализираа и активности за зачувување и унапредување на сопственото здравје, неговата важност и хигиенските навики кои влијаат на него. Социјалниот клуб реализираше и активности за препознавање и ракување со пари преку најразлични игри насловени како „Парите ни зборуваат”.

**Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола**

Социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола непречено ја реализираше својата програма за работа во изминатиов период. Континуирано се одржуваа работно окупациони активности, како одржување лична хигиена, хигиена во просторот на социјалниот клуб, спортско – рекреативни активности, односно одржување и унапредување на физичкото здравје, користејќи ги справите во социјалниот клуб и вежби во дворот на центарот, како и разговори за психолошка поддршка и работни навики.

Во текот на месец април акцент беше ставен на Велигденските традиции, и изработка на ракотворби поврзани со овој празник. На 15 април, на плоштад Магнолија, ЦПЛИП – ПОРАКА Битола организираше Велигденски базар, на кој беа изложени креациите и ракотворбите од корисниците на социјалниот клуб. Битола. Задачата сами да ги покажуваат ракотворбите, да раскажуваат како се изработуваат, се трудат и учат да продаваат, корисниците успешно ја завршија. Собраните средства ќе се наменат за набавка на материјали за активности во социјалниот клуб. На Велики четврток дел од корисниците на социјалниот клуб присуствуваа на традиционалното вапцување Велигденски јајца во СН Осигурителен Брокер АД Битола.

Во соработка со Ресторан Голд Фелиција – Битола, на 29-ти април дел од корисниците на социјалниот клуб ги посетија Старскиот Дом „Сју Рајдер“ и Домот за стари и болни лица во Битола и им подарија Велигденски јајца.

Дел од корисниците на социјалниот клуб учествуваа во работилницата наменети за лица со попреченост, организирана од НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола. На работилницата заедно со професори и ученици од СОУ „Таки Даскало“ беа модни креатори и уживаа во комбинирањето на облека и цртање на модни додатоци.

На 10 мај се реализираше еднодневна едукативна посета на село Калишта, Вевчани и Струга. Корисниците се запознаа со убавините на Охридското езеро, со преданијата и легендите за постанокот на многубројните пештерските цркви во с. Калишта, а дел од нив и имаа можност да ги посетат. Едукативната посета заврши со прошетка по кејот на реката Дрим низ центарот на Струга.





ПОРАКА

ISSN 0350-5863

# Наша Страница

## ГРАН ПРИ за најдобра претстава за „Ништо не е страшно" на 59 издание на ДАФ - Кочани

Театар Пи во изминатиот период реализираше мултимедијална кампања под мотото „Мене ништо не ми пречи" во соработка со РЦПЛИП – ПОРАКА и неговите сервисни служби во Скопје. Кампањата наменета за подигнување на јавната свест за лицата со попреченост содржеше низа различни активности, меѓу кои работилници за фотографија, музички работилници, како и театарски работилници за подготовка на театарски перформанс.

Театарската претстава „Ништо не е страшно" е последниот дел од кампањата што се реализираше на крајот на изминатата година Режисерите на претставата Златко Митрески и Македонска Илиевска реализираа низа театарски работилници со корисниците на дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје, а паралелно спроведуваа работилници и со ученици од ООУ „Јоаким Крчовски" и ООУ „Страшо Пинџур" кои заеднички ја изведоа актерската игра. Премиерата на претставата беше на 30-ти ноември 2021 година во Домот на културата во Општина Ѓорче Петров.





На покана на организаторите, на 24-ти мај 2022 година, претставата учествуваше на театарскиот фестивал Драмски аматерски фестивал - ДАФ Кочани 2022.
Трочленото жири на 59-тото издание на ДАФ во состав: Владимир Тулиев, Марина Поп Панкова и Дритон Вејсели првата и Гран При награда „Васил Ќортошев", како и втора награда за истражување нови сценски изразни средства и експеримент во театарот ги доделија на претставата „Ништо не е страшно".




„Наградата за истражување нови сценски изразни средства и експеримент во аматерскиот театар, како и гран прито „Васил Ќортошев" се доделува за изведбата на драмскиот текст „Ништо не е страшно" затоа што оваа претстава нè изненади, нè заинтересира и сите нè остави без здив. Таа понуди нови сценски решенија и експерименти што беа лесно приемчиви, а белегот којшто таа ни го остави е длабоко втиснат во сите нас", истакна актерот Владимир Тулиев, претседател на жири комисијата на ДАФ.

